# КУМАНОВСКИ ГРАФИЧАРИ 2009



**Зоран Јакимовски**

Роден е во Куманово, Македонија, 1953. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Белград 1978. Постдипломски студии завршува на истиот факултет во Белград 1982. Работи како редовен професор на Факулетот за ликовни уметности во Скопје при универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ каде што предава на Отсекот - графика. Од 1998 до 2002 година е декан на факулетот. Член на ДЛУК и ДЛУМ. Учествувал на преку 140 групни изложби: Биеналето во Баден Баден, Љубљана, Токио, Краков, Варна, Њујорк... За својата досегашна работа има добиено повеќе државни и меѓународни награди и признанија.

Самостојни изложби:

1978- Куманово, Белград

1982 -Скопје, Куманово, Вараждин

1987- Белград

1988 -Куманово

1995 -Скопје

1996- Цирих 1998 -Диселдорф , Лодз, Краков

1999 -Париз

2001- Зрењанин, Нови Сад, Вршац,..

Адреса: Трст 4, Куманово

Моб.: ++ 389 70 77 11 66 E-mail : jakimovskiz@t-home.mk





**Тања Соларска-Темелковски**

Родена е 1974 во Куманово, Македонија.
Завршила Факултет за ликовни уметности - Скопје, Македонија, Отсек педагошка графика - Класа на проф. Рубенс Корубин. Самостојно излага во 2004 година, Уметничка галерија при музејот на град Куманово, прва самостојна изложба со наслов "КОРИЈА".
Групно излага: 1996 - Охрид, Ликовна колонија "Белчишта"; 1997 - Скопје, Изложба на дипломирани студенти; 1997 - Лесковац (СЦГ), Меѓународно биенале на мала графика; 1997 Куманово, Кумановски ликовни уметници; 1998 Куманово & Ликовна колонија “Матејче“; 1998-2006 Куманово & Кумановски ликовни уметници како и на изложбите "Кумановски графичари" во периодот од 2003-2006 (Македонија и 2006 Њујорк).
Во меѓувреме од оваа година ќе се здоби и со титулата магистар по менаџмент во образованието.





**Стефан Јакимовски**

Роден 1982 во Куманово, Македонија. Средно образование завршил во училиште за применета уметност "Лазар Личеновски" во Скопје 2001 год, оддел графика. Факултет за ликовни уметности завршил 2005 год. оддел графика со графички дизајн, во класата на проф. Димитар Малиданов, кај кого завршил и постдипломски студии 2008 година на тема: "Мултимедијален пристап во графичкиот дизајн". Работи како помлад асистент на Факултетот за Дизајн и мултимедија при Фон Универзитетот. Член на друштво на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ), член на Кумановски графичари и Кумановски уметници. Излагачка активност: 2000 год., Литохоро - Грција, 2001. Ужице - Србија, Меѓународна изложба на мала графика - Тетово, Меѓународна изложба на слики и графики - Темпи, Аризона, САД, 2002 - Велес, 2003 Изложба на фондација Драгутин Аврамовски - Гуте, ФЛУ - Скопје, Меѓународна изложба на графика (сува игла) Ужице - Србија, 2004. Кумановски графичари - Куманово, изложба на фондација Драгутин Аврамовски-Гуте, ФЛУ-Скопје, 2005, Меѓународна графичка изложба - Каиро (Гиза) - Египет, 2006. Трет интернационален сипозиум на сликарство - Патра Атина, Кумановски графичари - Њујорк - САД, 2007 Интер-национална изложба - Солун, Грција, Меѓународен ликовен симпозиум - Диакопто, Грција, 2008, Мала графика, ДЛУМ - Скопје, Интернационално графичко Триенале - Варшава - Полска итн.

Награди - 2000 Меѓународна награда на интернационален фестивал Литохоро - Грција.





**Магда Величковска**

Родена е во Куманово 1980 год. Дипломирала на ФЛУ - Скопје во 2005, отсек графика во класата на проф. Зоран Јакимовски.

Има учествувано во повеќе ликовни проекти и групни изложби меѓу кои и "Кумановски ликовни уметници" (2005 - 2008) и Кумановски графичари (2005-2006), Њујорк 2006 и други.

Живее и работи во Куманово.





**Далибор Јовановски**

Роден 1983 во Куманово. Дипломира 2008 на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек - графика, насока графички дизајн кај проф. Зоран Јакимовски.
Има реализирано една самостојна изложба и неколку групни изложби.

Адреса: ул. "Страшко Симонов" бр. 27, Куманово

Тел. 031/420-365
070/738-173





**Симона Јакимовска**

Родена е во Куманово, Македонија, 1990. Студент на II година на ФЛУ - Скопје, оддел - графика во класа на доц. Славица Јанешлиева - Бацварска.

Учествувала на неколку групни изложби.

2009 - Прва самостојна изложба на графики во рамки на Кумановско културно лето, Куманово

2009 - Меѓународен симпозиум за уметност и наука - Патра, Грција

Адреса: Трст 4 , Куманово
Моб.: ++398 71 920 201
E-mail : simona_jakimovska@hotmail.com



По неколкугодишната пауза, проектот “Кумановски графичари 2009“ повторно ќе добие на актуелност со промовирање на дваесеттина графички листови изработени од 6 автори: Зоран Јакимовски, Тања Соларска-Темелковски, Стефан Јакимовски, Магда Величковска, Далибор Јовановски и Симона Јакимовска. Секој од нив, со своја авторска визија, се обидува да даде придонес во формирањето на севкупната македонска графичарска сцена кадешто кумановските графичари предводени од Зоран Јакимовски секогаш имаа значајно место во пишувањето на глобалната историја на визуелните уметности во овој регион. Затоа и се надеваме дека оваа колекција на графики ќе наиде на позитивен прием кај публиката и критиката, но и кај самите графички уметници мотивирајќи ги во насока на перманентно творење и презентирање на својата најнова продукција. Посебно ќе биде значајно пренесувањето на искуствата на поискусните графичари врз помладите автори, практика којашто дава брз резултат правејќи ја графичката уметност респектабилна гранка од областа на визуелните уметности. Организаторот на оваа изложба Националната установа Центар за култура “Трајко Прокопиев“ - Куманово со поддршка од Министерството за култура на Република Македонија секогаш ќе прави обид за промоција на најновото графичко творештво имајќи го во вид успехот на предходните претставувања на графичките уметници во периодот од 2003-2006 кога беа присутни во сите поголеми галериски центри во државата, а кулминација достигна презентацијата во Македонскиот културен центар во Њујорк 2006. Повторната реафирмација на проектот “Кумановски графичари 2009“, спојувајќи ги мајсторите на мултиоригиналот, публиката и ликовната критика на едно место - во галериските простори, остварува значајна улога во секојдневното културно живеење. Благодарение на универзалниот графички јазик комуникацијата е непосредна со јасни визуелно-креативни пораки и се надеваме дека изложбата, како таква, ќе биде добро прифатена од сите оние коишто ќе имаат можност да ја видат.

Роберт Цветковски, историчар на уметноста

***Издавач: Национална установа - Центар за култура “Трајко Прокопиев“ - Куманово***

***За издавачот: Роберт Павлевски, Организација: Роберт Цветковски и м-р Зоран Арсовски, фотографии: Роберт Цветковски***

***Дизајн и компјутерска подготовка: Страшо Арсовски, Куманово 2009, Печати: “Киме-Граф“ Куманово, тираж: 250***

***Проектот е финансиран од Министерство за култура на Република Македонија***